# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ- ПРАКТИКУМ „ИСТОРИЈА И ТЕОРИЈА НА ПЕЈЗАЖНАТА АРХИТЕКТУРА" ОД АВТОРКАТА ДОЦ. Д-Р ВАСКА САНДЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлука бр. 2202-198/10 од 9. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржана на 26 јуни 2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– вонреден проф. Катерина Деспот, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
– вонреден проф. Петар Намичев, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;

за изготвување на извештај – рецензија на приложениот практикум „Историја и теорија во пејзажна архитектура" од авторката доц. д-р Васка Сандева, наменет за студенти на прв циклус студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот за практикумот, Комисијата од Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки го поднесува следниов.

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот - практикум:** Насловот на ракописот практикум е **„Историја и теорија во пејзажната архитектура" - практикум**, а предметот е со наслов Историја и теорија во пејзажната архитектура и се слуша во IV семестар како изборен предмет, со фонд на часови 2+1+1. Материјалот кој е опфатен во ракописот - практикум е во согласност со Наставната програма по предметот Историја и теорија во пејзажната архитектура и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Материјалот е презентиран на 94 страници во А4 формат со нормален проред и содржи 86 слики. Обемот на ракописот практикум по содржина ги задоволува критериумите според бројот на вежби и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракопис практикум со ист или сличен наслов досега не е објавен.

**Краток опис на содржината:** Презентираниот материјал во трудот опфаќа 12 вежби каде се опфатени историските паркови и нивните композиции и теоретскиот пристап односно елементите на пејзажната архитектура.

Учебникот – практикум содржи материјал првенствено на студентите по архитектура и дизајн, кои за време на вежбите е потребно да користат одредени податоци и цртежи, за да ја совладаат полесно предвидената материја со наставната програма.

Во рамките на овој практикум е разработен историскиот и теоретскиот дел во изучувањето на парковите и како студените да ги применуваат во своите идејни решенија.

Со овој практикум целта е да се прикаже на сите елементи од кои се направени историските паркови и современиот пристап на парковите кои студентите треба да ги препознаваат и имплементираат во своите решенија. Парковата уметност се раѓа уште во зората на човековата цивилизација, кога човекот почнал да одгледува растенија за своја егзистенција. Во постојаната борба за живот, во секојдневниот судир со тешкотиите на околниот свет, се раѓа една уметност, што денес во себе го концентрира стремежот на човекот кон убавото и хармонијата.

Парковата уметност е просторна уметност и креативната активност на неговите креаторите е насочена кон трансформација на природната средина и нејзино приспособување според потребите на луѓето, како медиум на населението, труд, културни активности, пасивен и активен одмор.

Пејзажната архитектура може да се гледа како еколошки правец во архитектурата. Таа е тесно поврзана со многу гранки на човековата активност и се потпира на методите и терминолошкиот апарат на многу науки. Најтесна врска има помеѓу пејзажната архитектура и екологијата. Пејзажната архитектура ја решава просторно - пејзажната организација на територијата, како и задачите поврзани со заштитата на животната средина и здравјето на луѓето, кои пак се приоритет на екологијата.

Пејзажната архитектура ја одредува функционално-техничката и естетско-просторната организација на териториите под антропогено влијание и како резултат на производствената активност на човекот. Со помош на уредувањето, геопластиката и користењето на водата се создава еколошки чиста, здрава и естетски комплетна животна активност на луѓето и во голема мера придонесува за зачувување на биосферата.

Во презентацијата на материјалот се опфатени многубројни слики, цртежи, проекти и стилови кои придонесуваат кон подобра разработка на историските и современите паркови, како и на композицискиот потфат со елементите од кои треба да биде составено композициското решение. Опфатен е процесот на дизајнирање од анализа до завршен продукт.

На овој начин на корисникот на овој труд му се дава општ историски преглед за секоја фаза од разработката за еден продукт.

Материјалот при презентацијата, иако обемен, е селектиран во рамките на капацитетот и наставната програма на учебникот за овој предмет.

На крајот од ракописот, авторот наведува 35 наслови на литература и веб-страници од интернет кои се користени при пишувањето на ракописот.

## З А К Л У Ч О К

Од напред изнесеното, Комисијата констатираше дека ракописот практикум со наслов **„Историја и теорија во пејзажната архитектура" - практикум,** пријавен од авторот **доц. д-р Васка Сандева** е напишан според програмската содржина на предметот за кој е наменет, ги задоволува критериумите за објавување и ќе биде од голема корист на студентите за совладување на наставните содржини по истиот.

Врз основа на напред изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки да го прифати рецензираниот ракопис практикум со наслов „Историја и теорија во пејзажната архитектура" - практикум, пријавен од авторката доц. д-р Васка Сандева и истиот да го одобри за користење како учебно помагало рецензиран практикум, а воедно и да им предложи на органите на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, негово соодветно издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Катерина Деспот, вонреден професор, с.р.**
**Петар Намичев, вонреден професор, с.р.**